Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневните настани 06.06.2024

На 05.06.2024 во 23.45 часот, полициски службеници од Отсекот за општ криминалитет при СВР Велес го лишиле од слобода А.Н.(42) од село Сојаклари, велешко. При претрес во неговиот дом, извршен со наредба од Основен суд Велес, биле пронајдени и одземени предмети за кои постои сомнение дека ги одзел од фирма во Велес во која бил вработен. Одземеното било вратено на сопственикот, а А.Н. бил задржан во полициска станица. Известен бил јавен обвинител и по целосно документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.06.2024 во 11.30 часот во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар го привеле З.Х.(48) од Гостивар, кој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 05.06.2024 во 15.00 часот кај место викано „Борови" во близина на Граничниот премин Ќафасан, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Франгово го привеле Б.С.(71) од Република Албанија затоа што остварил илегален влез во државата. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Струга за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (05.06.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 120 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола седум санкции, седум мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, три санкции за користење мобилен телефон при возење. Изречени се пет мерки за минување на затворен сигнал – црвено светло, четири санкции за непропишно престројување при возење...

На 05.06.2024 во 13.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул. „Владимир Полежиновски" и ул.„Адолф Циборовски" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „тојота" со скопски регистарски ознаки, управувано од Л.М.(63) и мотоцикл „конда" со скопски регистарски ознаки, управуван од Б.А.(25), двајцата од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.06.2024 во 15.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека на локален пат Бањиче – Тетово кај мостот, А.Д.(30) од Тетово, управувајќи мотоцикл „априлија" со тетовски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот А.Д., констатирани во Клиничка болница Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

На 05.06.2024 во 10.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Македонско - косовска бригада" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.М.(34) од Скопје и патничко возило „фолксваген поло" со скопски регистарски ознаки, управувано од Љ.П.(38) од с.Кожаре, скопско, при што бил удрен и пешакот З.У.(59) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила З.У., констатирани во Градска општа болница „8 Септември", а со телесни повреди се здобила Љ.П. констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.06.2024 во 22.15 часот во Полициската станица Центар, М.Б.(73) од Скопје пријавил дека ул.„Васил Ѓоргов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 05.06.2024 во 01.20 часот во Полициската станица Бит Пазар, Ј.Д.(18) од Скопје пријавила дека на ул.„Банатска" во Скопје била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Л.И.(25) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 28.07.2023 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.С.(20) и С.Ш.(20), двајцата од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 03.09.2023 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед на возилото во кое биле пријавените, при што била пронајдена и одземан марихуана.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против И.Б.(30) од кичевското село Лисичани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со оружје при ОВР Кичево пронајдоа и одзедоа 239 куршуми различен калибар, кои неовластено ги поседувал.

На 05.06.2024 во периодот од 16.00 до 21.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за прекршоците што ги прават возачите на мотоцикли. При контролата биле откриени и санкционирани 23 прекршоци (ТЕ-13 и ГВ-10), од кои најголемиот дел биле за некористење на заштитен шлем-кацита 13 (ТЕ-7 и ГВ-6), потоа 5 (ТЕ-3 и ГВ-2) за управување без возачка дозвола и 3 (ТЕ-2 и ГВ-1) со непродолжена осигурителна полиса, 1 (ГВ) нерегистриран мотоцикл. Против возачите биле поднесени соодветни поднесоци, а при контролата биле констатирани и санкционирани 2 (ТЕ) останати сообраќајни прекршоци.

Денеска (06.06.2024) во 02.47 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг простор на ул.„Костурска" во Скопје настанал пожар во патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Љ.И.Е. од Скопје и патничко возило „лежо" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Е.К.(44) од Скопје. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Извршен бил увид од екипа од СВР Скопје.

На 05.06.2024 во 22.00 часот, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го привеле З.С.(57) од с.Трубарево, скопско и Д.Н.(20) од с.Идризово, скопско, затоа што околу 21.30 часот во с.Трубарево, по претходно недоразбирање во сообраќајот, го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Д.Б.(25) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 18.02.2024 на регионалниот пат Струга – Дебар, полициски службеници извршиле преглед над возилото во кое бил пријавениот со уште две лица, при што кај нив била пронајдена и одземена марихуана, која им ја дал пријавениот и им овозможил да ја користат.

На 05.06.2024 во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" Скопје било пријавено дека кај нив за укажување помош дошол М.Н.(23) од Скопје, кој пријавил дека се здобил со повреди на 04.06.2024 при извршување работни задачи во фирма на подрачјето на Гази Баба. Лекар констатирал тешки телесни повреди и за настанот бил известен трудов инспектор.

На 05.06.2024 во 22.00 часот во Полициската станица Велес, А.Н.(43) од Велес пријавил дека на улица „Андон Шурков" во Велес бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.З.(75) од тетовско село поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" во врска со семејно насилство. На 05.03.2024 во семејниот дом, по претходна расправија, пријавениот физички ја нападнал неговата снаа Н.Б..

СВР Струмица поднесе кривична пријава против В.Т.(55) од Струмица, затворски полицаец во Казнено - поправна установа Затвор Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „малтретирање во вршење на службата". На 12.04.2024 во една од просториите во установата, пријавениот физички го нападнал осуденикот А.Т..

На 06.06.2024 во 02.00 часот на автопатот А1, во близина на село Мрзенци, гевгелиско, полициски службеници од Полициската станица Гевгелија го лишиле од слобода Б.К.(43) од село Злеово, радовишко. Околу 01.30 часот на регионалниот пат помеѓу селата Прдејци и Смоквица, гевгелиско, тој со патничко возило „фолксваген голф" со штипски регистарски ознаки не застанал на знак за запирање даден од полициски службеници, по што со возилото се обидел да удри еден од нив. Притоа, полициски службеник од службениот пиштол пукал во гумата на возилото и тој застанал. Лицето било задржано во Полициската станица Гевгелија, а за настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Гевгелија. По документирање на случајот против Б.К. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.06.2024 во 23.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во куќа на подрачјето на Центар, по претходна расправија околу нерасчистени имотно-правни односи, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.О.(38) и Ѓ.О.(62) од една страна и А.О.(34) и Р.Д.О.(59) од друга страна, сите од Скопје, при што бил употребен и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.06.2024 во 12.50 часот, С.Ш.(57) од Охрид во полициска станица пријавил дека на улица „Јане Сандански" во Охрид бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.И.(33) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". На 08.04.2024, управител на правен субјект во Гостивар пријавил дека од вработениот А.И. бил известен дека му недостасувале пари за извршување на налог од дневниот промет за периодот од 05.04. до 08.04.2024 и дека дал изјава дека минусот го прифаќа на негов товар и ќе го врати.

На 05.06.2024 во 17.50 часот во СВР Скопје, М.Д.(39) од Скопје пријавила дека околу 16.30 часот во близина на железничка пруга на подрачјето на општина Аеродром, нејзината малолетна ќерка била физички нападната од едно лице, кое ѝ го одзело мобилниот телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.06.2024 во 20.10 часот во СВР Скопје, С.И.(38) од Скопје пријавил дека околу 19.30 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.06.2024 во 16.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Шуто Оризари, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу 47-годишната Л.А. и Р.Е.(46), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Одделението за внатрешни работи Гевгелија поднесе кривична пријава до против В.П.(49) и Д.П.(59), двајцата од Гевгелија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". По текот на јули 2022 година, пријавените на сопствената куќа извеле градбабез соодветно одобрение за градење издадено од надлежен орган.

На 05.06.2024 во 20.15 часот во СВР Тетово, Д.Т.(70) од Скопје пријавил дека во тетовско Тевре бил каснат од куче скитник.